РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
Бр. 02-2424/1
03-04-2019 20___ год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

# ИЗВЕШТАЈ
# за реализација на Планот за работа на Министерството за одбрана за 2018 година

## Извршно резиме

Министерството за одбрана (во понатамошниот текст: Министерството) и Армијата на Република Македонија (во понатамошниот текст: Армијата) во 2018 година беа фокусирани на исполнување на стратешките приоритети и приоритетните цели кои беа составен дел на Програмата за работа на Владата за 2018 година:

- Одржување и зголемување на борбената готовност на Армијата;
- Поддршка на други државни институции;
- Подготовки за интеграција во НАТО – одбранбени и воени прашања; и
- Реформи во одбранбениот систем и зголемување на способностите и капацитетите на Армијата за учество во меѓународни мировни мисии предводени од НАТО, ЕУ и ООН.

Планот за работа на Министерството за одбрана за 2018 година беше изработен врз основа на планираниот буџет за одбраната за 2018 година, кој изнесуваше 6.500.000.000 денари или 0,98% од БДП. Со ребалансот на буџетот во ноември 2018 година, истиот беше намален на 0,95% од БДП (се намали за 268.212.000,000 денари).

Како резултат на донесувањето на Декларација за забрзување на реформските и интегративните процеси за зачленување на Република Македонија во ЕУ и НАТО, на 25 декември 2017 година, од страна на Собранието (Сл. весник 192 од 26.12.2017), дојде до значајни промени во интензитетот на активностите во одбраната. Тоа предизвика потреба од реализација на голем број вонплански активности, а за одредени планирани активности се јави потреба од пролонгирање на роковите за реализација.

Во јули 2018 година, на Самитот на НАТО во Брисел, Република Македонија официјално доби покана за започнување на пристапните преговори за членство во

НАТО. Во рамките на овој процес беа изработени низа документи, за кои Министерството за одбрана даде свој придонес или беше носител на истите:

- Стратегиски одбранбен преглед 2018 (јули 2018), кој е еден од клучните стратегиски документи во кој детално се дава преглед на агендата за реформа на одбраната и кој е основа за трансформација, развој, модернизација и функционирање на националниот одбранбен систем;
- Програма за продолжување на реформите (ноември 2018), која опфаќа реформи во областите владеење на правото, човекови права, борба против корупција и организиран криминал, активности за реформа на Армијата и активности за спроведување на правните и финансиски обврски од членството во НАТО;
- План за имплементација на Стратегискиот одбранбен преглед (ноември 2018); и
- Нацрт текст на Стратегијата за одбрана.

На 18-19 октомври 2018 година, во Брисел успешно беа завршени пристапните разговори помеѓу Република Македонија и НАТО.

Во рамките на наведената динамика се имплементираше и Планот за работа на Министерството за одбрана за 2018 година. Истиот содржи 205 активности поделени во 12 функционални области.

Во Извештајот за Планот за работа на Министерството за одбрана за 2018 година прикажан е статусот на секоја задача од Планот поединечно, со образложение за степенот на реализација и идентификување на евентуалните предизвици.

Статусот на задачите во Извештајот е прикажан во 4 (четири) различни категории: "Реализирани", "Континуирани", "Нереализирани" и "Делумно реализирани".

Во извештајниот период постигната е реализација од околу 60% од планираните задачи, од кои во целост реализирани се 88 задачи, а континуирани се 34 задачи. Делумно се реализирани 39 задачи (околу 19%) и нереализирани се 44 задачи (околу 21%).

Од реализираните задачи се издвојуваат следните:

- Донесен е Стратегискиот одбранбен преглед и Планот за имплементација на истиот, како клучни документи за реализација на одбранбените реформи;
- Успешно е спроведен НАТО Процесот на планирање и анализа (PARP) во насока на унапредување на одбранбените способности согласно стандардите на НАТО и усвоен е нов пакет Партнерски Цели 2018;
- Донесени се низа Планови и Уредби за детално регулирање на одделни области во одбраната (Упатство за транспарентност на податоците во

Министерството, План за јавно промовирање на можностите за привлекување на персонал за воената професија, Планови за обука, стручно оспособување и усовршување на лица вработени во Министерството и Армијата, План за вработување и др;

- Успешно се спроведени низа процеси (прием на професионални војници, спроведување на постапката за доброволно служење на воен рок во Армијата, имплементација на родовата перспектива во работните процеси на Министерството и Армијата, донесена е нова организациско - формациска структура на Армијата, реализирани се вкупно 31 вежба – национални и меѓународни, обука и образование на припадниците на Министерството и Армијата и др.).

Задачите кои се реализираат во континуитет (околу 16,5%) се во насока на навремено информирање (изработка на анализи и извештаи во одделни области), обука и образование на персоналот, соодветно одржување на опремата, објектите и системите, подготовка и упатување на персонал во мировните мисии, како и реализација на обврските во рамките на соработката со НАТО и ЕУ, и на билатерална, регионална и мултилатерална основа.

Дел од планираните активности не се реализираа заради нивната условеност од донесувањето на стратегиските документи (СОП, Стратегија за одбрана, Програмата за продолжување на реформите). Најголемиот дел од нереализираните задачи се во делот на "Спроведување на правната регулатива од областа на одбраната", во кој беше предвидено донесување на нов Закон за одбрана, Закон за служба во Армијата, како и изработка на низа Уредби, Правилници и Упатства (вкупно 13). Со планираните измени во стратегиските документи неизбежно се наметнаа нови барања, потреби и динамика за реализација и истите се пролонгираа за 2019 година. Исто така, како причини за нереализација на дел од задачите наведени се следните:

- Изработката на нова функционална анализа во Министерството за одбрана;
- Недостиг на финансиски средства;
- Непостоење на можност за искористување на одобрените средства (не се склучени потребните договори);
- Непополнетост со персонал; и
- Ненавремена координација меѓу ГШ и Секторите во Министерството за одбрана (подготовка на воениот и цивилниот персонал за враќање во

цивилен живот, категоризација, стандардизација и рационализација на одбранбени комплекси и објекти).

За дел од активностите во категоријата "Делумно реализирани" наведени се истите причини за нецелосната реализација. Дополнително, во рамките на оваа категорија има активности за кои се преземени потребните чекори за реализација и се во фаза на одобрување (8 активности) или рокот за реализација е поместен за 2019 година.

Реализирани се 10 (десет) вонплански активности.

Во Табелата бр. 1 даден е приказ на реализацијата на задачите од Планот за работа на Министерството за одбрана за 2018 година.




**Табела 1:** Реализација на задачите од Планот за работа на Министерството за одбрана за 2018 година

**Заклучок**

Со завршувањето на процесот на усогласувањето на законската регулатива согласно обврските од членството во НАТО ќе се создадат услови за имплементација на голем дел од започнатите реформски процеси во Министерството и Армијата. Воедно, предизвиците заради недостиг на финансиски средства за одредени задачи во континуитет ќе се намалуваат со одлуката на Владата за зголемување на одбранбениот буџет до 2024 година (до достигнување на 2% од БДП). Добар показател во таа насока е одобрениот буџет за одбраната за 2019 година, кој е зголемен за 0.2% и изнесува 1,19% од БДП (околу 135 милиони евра).

Сепак, во рамките на процесот на изработка на Извештајот за Планот за работа на Министерството за одбрана за 2018 година, евидентирани се одредени предизвици кои можат да се надминат независно од горенаведените процеси. Имено, неопходни се мерки за унапредување на процесите за искористување на одобрените финансиски средства (навремено склучување на договри со надворешни субјекти за поддршка на одделните области во одбраната). Дополнително, заради претстојните обврски кои ќе произлезат од членството во НАТО, потребно е да се унапредат и процесите за пополнување со неопходен, стручен персонал, како и да се подобри координацијата и соработката помеѓу секторите во Министерството Армијата, во насока на сеопфатна и навремена имплементација на идните планови.

Одобрил: Драган Николиќ, Државен Секретар

**Министерка за одбрана**

**Радмила Шекеринска Јанковска**